# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Шестото продолжение на Сто и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 мај 2002 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала број 1, со почеток во 14,15 часот.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Почитувани пратеници, претставници на Владата, продолжуваме со работа по Сто и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Ве молам да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата. Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на точката 3 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за банките, со Предлог на закон.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, 55 пратеници гласале за, 9 пратеници гласале воздржано и еден пратеник гласал против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави пратеникот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата, Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за банките покрај терминолошките усогласувања и прецизирања што ги цениме и ги поддржуваме, предлага и некои суштински измени. Бидејќи се работи за круцијална материја т.е. е базичен закон во една огромна финансиска сфера во економскиот систем на државата, цениме дека треба да укажеме на некои битни моменти и во форма на амандмани да поднесеме неколку амандмани, или како поединци, или како пратеничка група на СДСМ и во тој контекст да го искажеме нашиот став околу овој закон доколку бидат прифатени тие битни амандмански интервенции во текстот во делот на суштинските промени на законот СДСМ како пратеничка група ќе го поддржи донесувањето на овој закон. Значи "покрад оние терминолошки и палијативни промени што уследија после измена на неколку законски проекти пред да се донесе овој предлог закон, мислиме дека суштинските промени со новиот текст што ни се нуди се однесуваат на измени во регулативата за промени на обемот на сопственичката структура на капиталот што е круцијално прашање во банкарскиот систем.

Второ, се пропишуваат дополнителни критериуми за членовите на Одборот за раководење со ризици.

Трето, се пропишуваат одредби со кои се дава можност на банките да издаваат електронски пари виза ви промената што се направи пред извесно време за Законот за електронски потпис. Се пропушуваат нови одредби за адекватна сигурност и заштита на информациите што се пренесуваат по електронски пат и се прецизираат случаите кога се соопштуваат информации кои што претставуваат службена тајна што исто така е многу битен елемент на банкарското работење. Новина во овој предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за банките е исто новиот дел известување со кој се воспоставува суштинска врска помеѓу банките и централниот регистар како јавен сервис со доставување на податоци во одредени рокови за новоотворените сметки, за сметки блокирани подолго од 45 дена. Како што кажав на почетокот, доколку Парламентот ги прифати нашите амандмански интервенции во овие суштински неколку наброени делови кои битно влијаат врз подобрување на текстот на Законот и неговата спроведливост, ние позитивно ќе се изјасниме по овој текст.

Сега не би се навраќал поединечно на што се однесуваат нашите забелешки, бидејќи за тоа ќе имаме прилика да го искажеме во текот на амандманската расправа. Меѓутоа, на почеток би посочил дека покрај некои забелешки што ги имаме на некои решенија кои битно не влијаат врз целокупниот банкарски систем, имаме одредени забелешки на пример од следниот тип.

Само да посочам уште во стартот на законот дека во членот 2 на законот за измени на законот вели дела во членот 4 се додаваат зборови: "освен ако со тој закон не е поинаку уредено". Што значи ако се прочита интегралниот текст на овој член вака променет се добива впечаток дека некои финансиски институции, или институции кои ќе работат во финансиската сфера во економскиот систем на Република Македонија можат да се ослободат да не се подведат под одредбите на овој базичен закон. Најверојатно бидејќи некоја од следните точки токму на оваа седница е Предлог-законот за банки за микрофинансирање, се прејудицира неговото изгласување во овој Парламент и најверојатно сега тука се затоа претставниците на Владата да ни појаснат дека оваа измена токму се однесува на тој закон кој еве, хипотетички да претпоставиме дека ќе го изгласаме во Парламентот законот за банки за микрофинансирање. Меѓутоа, по наша оценка мислиме дека тоа е недозволиво овој член вака да стои изменет, бидејќи суштински ја менува материјата. Имено, ако веќе постои закон за банки, сите банки, штедилници и други депозити од кредитни институции, ако ги има, или утре ако се регистрираат во државата треба да се подведат под одредбите на овој базичен закон што ја регулира оваа сфера независно од намената, или целта заради која тие банки, или кредитни институции утре би се формирале. Со ваквиот предлог уште повеќе се зголемува како фонијата која е присутна во банкарската сфера и сето тоа води кон создавање на простор за натамошни искривувања и шароноликост во овој домен на работење, а како што цениме е многу битен за целокупниот економски систем на државата. Банка што досега, да ви посочам е основана со посебен закон во Република Македонија е Македонската банка за поддршка на развојот, закон објавен во Службен весник на Република Македонија број 24 од 1998 година. Но, ви посочувам на еден битен ноторен факт дека и за таа банка осниваниа со посебен закон важат одредбите од базичниот закон за банки. Имено, во членот 3 од Законот за основање на Македонска банка за поддршка на развојот децидно е наведено дека банката работи, значи се однесува на таа Македонска банка за поддршка на развојот, банката работи според одредби на Законот за банки и штедилници. Во интерес на воведување на една финансиска дисциплина и стандардизација на правата и одговорностите на банките, ваквата предложена измена сега како што се прејудицира во овој нов текст на Предлог-законот за измени на Законот за банки од овие причини што ги набројав претходно за нас е неприфатлива. Дури и обратно за да се постави физиономијата на целокупниот банкарски систем во Република Македонија се предлага во измените на Законот за банки да се вклучи и статусот и прашањето на штедилниците како финансиско банкарски институции со соодветна улога и задача во финансиско банкарскиот систем на Република Македонија со што е приоритетна функција на задоволување на потребите на населението би се создала можност тие преку навлегување во соодветни нишки на финансискиот пазар да ја остварат својата општествено економска улога и да си го најдат местото под тоа финансиско сонце во севкупниот економски систем на Република Македонија. Затоа сите тие финансиски институции кои се формирани, или кои утре би се формирале со посебни закони мора да подлежат на одредбите и да ги добиваат ингеренциите и да ги заслужуваат санкциите од овој базичен закон и не може да се дозволи шареноликост во таа сфера на некои институции од финансиската сфера да излегуваат вон од овој базичен закон за банките. Впрочем на пример сега посочив еден пример каде што имаме суштински забелешки и за кое после во амандманската расправа повторно можеме да се навратиме имаме забелешки во форма на амднаман кој е поднесен од дел од пратеничката група на СДСМ. И да не должам натаму би се вклучил после во расправата по амандманите што ќе проследат после. Доколку Владата е спремна, значи да прифати некои од нашите суштински забелешки, а се во функција на подобрување на текстот за Законот за банки, ние и овој закон ќе го поддржиме.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор пратеникот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата на Република Македонија.

Предлогот за изменување и дополнување на Законот за банки кој што е доставен во еден дел е и логичен предлог кој што следува на одредени активности кои што се присутни пошироко од Републиката, а кои што се однесуваат на сите можни интервенции во националните законодавства кои што треба да ја спречат нелегалната трансформација на паричниот капитал во банките и негово понатамошно

употребување за цели кои што се карактеризирани во последно време како тероризам. Тоа значи дека со еден дел од Законот и Република Македонија се вклучува во тие активности да во својата легислатива вградува одредби со кои се оневозможува, или поточно кажано со кои се овозможува контрола на таквите канали, т.е. се контролира капиталот кој што се вложува и од тој аспект се цени неговата чистина. Тоа значи дека во тој дел од измените ние како пратеници и од СДСМ во овој Парламент сме наполно согласни дека тоа треба да се направи, дека тоа нужно мора да се направи, затоа што и наш интерес е, а се надевам дека и на многу од присутните овде да се знае во една сериозна сфера во економијата, а тоа е банкарската сфера каков капитал се внесува во таа сфера, кој го внесува тој капитал, т.е. на каков начин е стекнат тој капитал. Уште повеќе што секако оваа проблематика е актуелизирана во последно време во Република Македонија затоа што нас и како пратеници, а и јавноста како јавност ја интересира секако на кој начин се извршени приватизации на одредени банки во Република Македонија, дали парите кои што се внесени за откуп на акции во тие банки се спечалени од работното место шофер како занимање, дали тие се спечалени од аранжмани за фудбалски мајстори. Така што сето тоа е интересно и во тој дел со овие измени се дава јасна слика за да не се прави забуна од претходниот труд кое што јас го споменав. И во тој дел мислам дека ова е еден исчекор кој што го прави Владата и кој што го ценат како позитивен во однос на подобрување на легислативата во областа на банкарството во Република Македонија. Но, мене ме зачудува зошто и по овој повод кога Владата преку предлагање на овој закон сака да постигне одредена цел, приоритетна цел нуди одредби од Законот кој што на свој начин ја девалвираат оваа приоритетна цел. Зошто на ситни измени се оди да се овозможат крупни негативни потези во македонското банкарство. И навистина ме чуди зошто тоа и сега се прави, зошто банкарството со измените кои што во првиот дел ги спомнаа, но без овие кои што се нудат во вториот дел од Законот многу успешно можат да функционираат, т.е. да го подобри тој позитивен тренд кој што е присутен во последно време во Република Македонија во афирмација на банкарската активност и мултиплицирање на ефектите од таквата активност во вид на зголемување на штедењето во Република Македонија кое што и во нашата држава и во сите држави е паричен потенцијал за инвестициона активност која што за жал во Република Македонија во последно време ја нема.

Кога ја давам оваа констатација сакам тоа да го потврдам и со примери кои што ги извлеков од Законот, а кои што ја објаснуваат оваа моја констатација. Не може и не прифатливо е со еден закон по кој што треба да работат сите банки во Република Македонија во тој закон како системски закон за уредување на банкарската сфера да се внесува одредба ако со тој, значи со посебен закон не е поинаку уредено.

Почитувани пратеници, условите за работење на банки во Република Македонија треба да бидат подеднакви за сите. Пазарот во оваа сфера треба да биде еднаков за сите и според тоа способноста, или неспособноста на одредена банка, или одредени банки ќе биде елемент кој што ќе придонесе дали тие ќе бидат профитабилни, или непрофитабилни. Од таму оваа одредба во член 2 е неприфатлива затоа што го поместува тој банкарски систем, дава посебно место за мали банки, одредени банки кои што на свој начин априори со нивното основање се фаворизирани во работењето и на домашен терен и во односите со странство. Не знам која е целта на предлагачот кој што како статус на измена ја дополнува и трансформацијата на штедилница во банка. Формирање, господо пратеници, на банка е сериозен чин. Тоа не може да се врши со статус на измена на штедилница за таа да прерасне во банка. По Законот за банки и по Законот за Народна банка пропишана е постапката за основање на банка. И сосем ви е потребна оваа вградена измена во Законот, затоа што многу се различни надлежностите и деловните активности на едната, т.е. на штедилницата, а многу се различни на банката. Многу се посериозни на банката. И од таму формирање на банка може да биде само со нов статут, а не со статусна измена. Мислам дека тоа ќе го прифатите и во тој дел никому во Македонија не му пречи ако сака одредена штедилница да прерасне во банка, да изготви нов статут за да тоа го направи. А обратното е многу поопасно. Понатаму, во Законот се внесува една сериозна новина која што по мое лично мислење нарушува еден однос кој што макотрпно се гради 5,6 години во Република Македонија, а тоа е и во областа на стопанството, заживување на акционерството и во областа на банкарството заживување на акциите како право на глас на носителот на акции. Тој

систем е воспоставен и функционира во Република Македонија на позитивен начин.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:** (Продолжение)

Предлогот што го давате како Влада до Парламентов да се измени членот 25 од Законот и тоа многу важна измена што пропишува во неговата првична содржина, т.е. онаа што ја минуваме дека известување за издавање и укинување дозвола Гувернерот на Народна банка дава по претходна согласност на, точка 4 е - Купување акции во друга банка. Тоа значи дека секоја банка во Република Македонија може да купи акции од друга банка преку берза. Тоа е добро. Тоа не е лошо. Затоа што на таков начин се развива меѓубанкарското работење. Можеби се зголемува и конкуренцијата, довербата на комитентите према банкарските институции.

Но, што вие правите со овој предлог? Го бришете ова, значи, го погазувате досегашниот систем на акционерство и внесувате точка 4, се менува и гласи - Капитални вложувања на банка во друга банка. Сериозна измена, господа пратеници, што упатува дека некој со капитално вложување, а капитално вложување е и една ливада што би била под хипотека на некого кој земал кредит да може со таа ливада да откупи акции во друга банка. Тоа е сериозна измена. Тоа е пореметување на системот што се градел макотрпно во Република Македонија. а, целта е јасна. Присутни се судски спорови во РМ од оваа сфера, дали се во Охрид, дали се во комитенти на Охридска банка или на релација Македонска банка што не може со постојната законска регулатива да се реализираат, па вие, на ваков начин предлагате измена што може да биде законски основ за реализација на таа плинирана активност од поодамна помеѓу две банки, помеѓу деловни субјекти, комитенти на тие банки и .тн.

Значи, овде ние предлагаме амандман што се однесува на овој член, членот 13 што упатува на задржување на старата формулација што ја имавме во член 25, а ја донесовме пред една година. Овој Парламент, ние ја донесовме. Вие ја предложивте, ние ја прифативме. А, тоа е давање претходна согласност за купување акции, а не на капитални вложувања. Капитално вложување може да биде и една шупа, ако има вредност, ако некој ја проценил дека е вредност.

Така што, во тој дел интервенираме и сакаме на своевиден начин да го подобриме текстот на законот, што мислам дека и во Парламентот од колегиве пратеници ќе биде прифатено, а и од предлагачите, бидејќи сериозно се заседовме да го погледаме законот, да го подржиме законот, особено во делот што спречува нелегално работење на капитална основа во финансиските активности во РМ. Но, се надеваме дека во другиот дел ќе ги задржите решенијата што пред година дена вие ги предложивте а ние ги прифативме.

Благодарам потпретседателе.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Бузлевски Димитар.

Ве молам, дали некој друг бара збор?

За збор се јави пратеникот Мирчески Звонко.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Почитувани колеги пратеници, Од името на Партијата ВМРО-Македонска *ќе* ги изнесам размислувањатга на нашите стручњаци во однос на предложениот закон за банките, би ги истакнал тука јавно на говорница. Иако не сум стручњак по банкарство и не ја познавам оваа проблематика, нема да се осврнам на неа под стручен аспект, ниту од економски аспект, но ќе зборувам само за моралниот и политичкиот аспект на новиот закон за банките. Поконкретно, на предлагачот, на министерот за финансии, Министерството за финансии како дел од Владата, како претставник на Владата што го предлага овој закон.

Покрај другите измени на овој закон што имаат повеќе козметички и административен карактер централно прашање во овој закон е потеклото на парите што ќе бидат наменети за вложување за основање на банки. Ова прашање е важно не само заради спречување перење пари, или легализација на сивиот капитал, туку уште поважно што Владата, односно Министерството за финансии, капиталот го употребија токму за перење на нивниот капитал и купување повеќе банки и осигурителни компании во РМ.

До доаѓањето на господинот Никола Груевски во Министерството за финансии, во досегашните македонски закони за банките, постоеше законска одредба со која се бараше контрола на

потеклото на парите преку основање и купување на акции во банка.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Се извинувам, само момент.

Почитувани пратеници, претставници на Владата, бидејќи сега на галеријата се сместија гости од Европската унија од Берлин, сакам во мое и Ваше име да ги поздравам и да им посакам добар престој во нашава држава.

(Аплауз) Ве молам продолжете господине Мирчески.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Благодарам.

Покрај тие закони, постоеше и Закон за персонален данок со кој што се предвидуваше контрола на потеклото на парите што се употребуваа за купувања на акции во банките. Со оглед на тоа што таквите закони некому му беа пречка за купување на Македонска банка, Балканска банка и други помали банки со сомнителни пари, Владата предложила измените на законот за банки и персонален данок со кои што ги избришаа одредбите, со што се бараше потекло на парите. Тие измени беа направени во текот на 2000 година.

После тие измени, од страна на Партијата ВМРО-ДПМНЕ беа купени Македонска банка, Балканска банка и други помали банки, Табак осигурувањето, како и други фирми. Откако се заврши оваа акција и откако се изврши најголем дел од приватизацијата, повторно Владата, односно Министерството за финансии го менуваата законот со следното образложение, главен виновник е Светската банка и ММФ, бидејќи тогаш тие барале да се укине контролата за потеклото на парите, а сега, наводно, истите тие меѓународни институции барале да се врати.

Мислам дека Парламентот мора да побара официјално известување и од Светската банка и од ММФ. Не верувам во таквото образложение, бидејќи тие институции не можат да кажат, сега можете да вложувате вакви пари, контролирани пари, со персонален данок, а сега ќе престанете со тоа.

Мислам дека пред овој Парламент и пред овој народ да се објасни потеклото на парите со кои беа купени Македонска банка, Балканска банка иако се работи за огромен капитал, јас мислам дека логично се поставува следното прашање - кој ќе го спречи Министерството за финансии да преземе мерки за да се спречи легализација на тој капитал? И, дали се предвидени законски санкции за сето тоа?

После сите овие трансакции што се направени, јас мислам да се предложат измени и дополнувања на овој закон, мислам дека не е чесно, бидејќи директно и Министерството за финансии и Владата учествуваа во тој нелегален бизнис. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Мирчески Звонко.

Дали некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 5 став 2, член 6, член 11 во новиот член 21-а став 1, 2 и 3, член 13 став 3 и 6, член 14 став 3 во новиот став 5, член 17, член 18, член 19, член 21 став 1 и на член 32 алинеја 1, 3 и 4.

Пратеникот Илија Илоски поднесе амандмани на член 1 за бришење на став 6, член 1 став 7, член 3, член 4 став 2 за додавање нов член 19-а по членот 19 и на членот 24 за менување на став 2 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Милан Ставрев поднесе амандман за додавање нов член 19-а по членот 19 и истиот го повлече.

Пратеникот Милан Ставрев поднесе амандман и на член 13 за додавање нов став 7 по ставот 6 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Слободан Ќосев поднесе амандман на член 6 и за додавање нов став 2 по ставот 1 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Таки Фити, Никола Поповски, Димитар Бузлевски и Илија Илоски поднесоа амандмани на член 1 за бришење на став 1, член 1 за бришење на став 2, член 1 за менување на став 3, член 2, член 9 за бришење на став 1, член 10 став 1, член 10 став 2, член 13 за менување на став 1, член 14 за бришење на став 1, за менување на член 18, за менување на член 19 и за менување на член 32, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 2 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Петар Дуљанов, заменик министер за финансии.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Амандманот се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 6 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Петар Дуљанов, заменик министер за финансии.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Амандманот се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 11 во новиот член 21-а став 1 и 2,поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Петар Дуљанов, заменик министер за финансии.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Амандманот се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 3 и 6 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Петар Дуљанов, заменик министер за финансии.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Амандманот се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 3 во новиот став 5 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Петар Дуљанов, заменик министер за финансии.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Амандманот се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 17 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Петар Дуљанов, заменик министер за финансии.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Амандманот се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 18 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Петар Дуљанов, заменик министер за финансии.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Амандманот се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 19 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Петар Дуљанов, заменик министер за финансии.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Амандманот се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 21 став 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Петар Дуљанов, заменик министер за финансии.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Амандманот се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 32 алинеја 1, 3 и 4 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Петар Дуљанов, зам^ник министер за финансии.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Амандманот се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за бришење на став 6 поднесен од пратеникот Илија Илоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Петар Дуљанов, заменик министер за финансии.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Не се прифаќа овој амандман.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави пратеникот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Потпретседателе, колку што Ве следев се работи за амандманот број 1, измена во членот 1 на ставот 6.

Јас, навистина не знам зошто Владата не го прифаќа овој амандман, бидејќи во самото образложение многу децидно укажува на битно подобрување на текстот. Еве за што се работи.

Со новиот предлог што ни се нуди предлог се вели дека во членот 2, став 6, во точката 22 на крајот се додаваат зборовите "и трансформација на штедилница во банка". Неприфатливо е едно вакво решение од проста причина што во правната теорија и согласно Законот за трговски друштва што е базичен закон, што ја регулира оваа материја, под статусни промени се подразбира спојување, припојување и поделба на друштвата. Трансформација на штедилница во банка, согласно самиот поим, повеќе би било можно да се сфати како преобразба на друштво во друг облик, што е регулирано со самиот базичен закон, Законот за трговски друштва како што спомнав и тоа во Одделот VII, во членовите 421 до 428. Сега, ако еден базичен закон ја регулира таа материја, што се тоа статусни промени, а и самата правна теорија некако подразбира дека тоа е спојување, припојување или поделба на друштвата, зошто тогаш прибегнуваме кон едно вакво решение да кажуваме дека е можна трансформација на штедилница во банка со еден посебен закон, што по ранг на регулирање на ваква материја со понизок од базичниот т.е. Законот за трговски друштва.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Илоски Илија.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави повторно пратеникот Илоски Илија и пратеникот Таки Фити.

Му давам збор на пратеникот Илија Илоски бидејќи има нешто да додаде.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Видете, потпретседателе, јас ја разбирам оваа парламентарна расправа во присуство на претставници на Владата кои го бранат законот, ако не повеќе, барем да се оствари минимум комуникација, бидејќи навистина немаме простор оваа материја, што е многу суштинска, да ја погледаме на самите комисии кои што поради немање кворум многу тешко се одржуваат. Многу е тешко за ваква суптилна материја да расправаме на пленарна седница, како денеска, а од друга страна да имаме претставници на Владата кои упорно молчат и ако некој предлог произлегува од опозицијата, априори да го одбиваат.

Еве, јас барав и во општиот претрес по Текстот на предлогот на законот а и сега барам по амандманската расправа претставниците на Владата да ми наведат, оние кои го бранат овој закон пред нас пратениците, минимум еден

аргумент повеќе од овие што јас ги наведувам или некоја контра теза за да се убедиме во неисправноста на нашите предлози во форма на амандмани.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:** (продолжение)

Инаку, мислам дека погубно е за една ваква материја да разговараме ако е поднесено од Законодавно-правна комисија амандман или некој од пратениците на владеачките партии. Тогаш ќе треба да се прифаќа, во однапред договорено сценарио со претставниците на Владата а доколку амандман поднесен од претставник на опозиција априори да се одбива минимум без никакво образложение.

Ги молам претставниците на Владата кои го бранат овој закон, тоа е министерот за финансии, а министерот за финансии на наша среќа или несреќа не можеме со години да го најдеме никаде во државава да дојде ли на седница на Комисија за финансирање и буџет или да дојде на пленарна седница овде да го брани законот, навистина е погубно претставниците на Владата да молчат и да не одговараат со контра аргументи.

Еве децидно и експлицитно ги прашувам зошто го одбивате овој амандман и што пречи ова што го кажав јас пред малку.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Јас ве разбирам вас и вие имате право да барате дополнување и објаснување од страна на претставниците на Владата, меѓутоа тоа е нивно право дали ќе одговараат или нема да одговараат, а ние мора да одиме напред.

Има збор г-динот Таќи Фити.

**ТАЌИ ФИТИ:**

Колегата Иљоски мислам дека даде солидно образложение на суштината на амандманот, само сакам да го дополнам во некои делови и да ја зацврстам понатаму аргументацијата што беше овде изведена.

Апелирам до претставниците на Владата, до Министерството за финансии прво да се чуваме од нестандардни решенија. Нестандардно решение во пазарна економија е многу опасно бидејќи прави дисперзии во системот и од тоа можат да излезат далекусежни негативни последици. Во правната теорија, во економската теорија, насекаде во светот многу јасно е кажано што претставува статус на трансформација. Во образложениeто исто така тоа е посебно подвлечено и се вели дека под статусни промени се подразбира спојување, припојување и поделба на друштва. Ништо друго не може да биде статусна промена. И во која пазарна економија протест на трансформација на штедилница во банка се третира априори како статусна промена. Тоа е многу опасно и затоа сакам да апелирам до претставниците на Владата дека банкарството насекаде во светот, во сите пазарни економии е најрегулиран бизнис. Во секој модерен закон што е врзан за банките и за народната банка и посебно за банките има посебна ригорозна постапка со која што се предвидува начинот како штедилница може да премине во бнака.

Постојниот закон за банки добро ја регулира таа проблематика и тоа е правено врз база на искуствата на развиени земји. Од 1993 година, тоа решение се влече до ден денес како може штедилница да прерасне во банка. Има критериуми, има стандарди кои што ние мораме да ги почитуваме. Ако одиме под плаштод штедилница да може да прерасне во банка како статус на промена јас кажувам дека тоа е многу опасна работа и дека едноставно треба да се чуваме од тоа.

Морам да кажам овде дека не го знам ни ставот на централната банка околу ова прашање. Министерството за финансии е тоа што ги поднесува Предлог законите и измените на закони од областа на финансиите Не може Народната банка да поднесува овде закон, меѓутоа редовна практика е во секоја пазарна економија кога станува збор за закони од областа на банкарството да се консултира централната банка. Незнам, можеби е консултирана и ме интересира ако е консултирана што мисли централната банка, посебно супервизијата за ваквиот начин на решавање на овој проблем да може како статусна промена априори да се смета прераснување на штедилница во банка.

Ваквото решение во најмала рака според мене е опасно и апелирам на претставниците од Министерството за финансии да размислат уште еднаш па нека одлучат според својата совест.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Молам, дали некој друг бара збор?

За збор се јави заменикот министер за финансии.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Со неколку збора сакам да одговорам на пратеникот проф.Таки Фити. Кога е работен овој закон е работен заедно со претставниците од Народна банка, така да тие се запознаени со овој текст на закон кој е предложен денес.

Измената на статутот во член 25 на Законот се предвидува дека претходна согласност е потребна од гувернерот на Народната банка на Македонија. Значи, не е либерално и е строго контролирано.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За збор се јави пратеникот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Член 25 се однесува на измена на постојни статути на банки, а не се однесува на измена на штедилници. За член 25 заложбата на колегата предлагач е да не може со статусна измена на штедилница да се оснива банка, затоа што во точка 22 од основниот закон добро е кажано што се статусни измени. Статусни измени се основање на банка, спојување на банка и поделба на банка. Сега се додава и трансформација на штедилница во банка. За да се трансформира штедилница во банка, треба да се изработи нов статут, на тој статут да се даде претходна согласност од гувернерот т.е. Народната банка и после тоа да отпочне процес на формирање на банка од претходна штедилница.

Заложбата е да нема трансформација на штедилница во банка само со статусна измена. Инаку, член 25 се однесува на постојни банки.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Молам, дали некој друг се јавува за збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не се јавува за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници од кои 28 гласале за, 11 воздржано и 28 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 за бришење на став 6 поднесен од пратеникот Илија Илоски.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 7 поднесен од пратеникот Илија Илоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Добро, амандманот се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од пратеникот Илија Илоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Не се прифаќа амандманот.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За збор се јави пратеникот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Ако не се каже некое пошироко образложение мислам дека нема никаква пречка да се прифати овој амандман од следните причини.

Ние предлагаме во членот 3 по зборот "можност" точката да се брише и да се додадат зборовите после запирка "и од областа на финансиското работење". Имено, за што се работи.

Согласно членот 66 од Кривичниот закон забрана за вршење на определена професија, дејност или должност како кривична санкција по правило е факултативна и може да се изрече ако на сторителот на изречена казна за извршено кривично дело во кое ја злоупотребил својата положба. Во тој контекст е претходната алинеја на членот 7 - акционер на банка не може да биде лице кое е осудувано за кривично дело од областа на финансиското работење. Значи, и во членот 3 по зборот"должност", може точката да се брише, да се стави запирка и да се додадат зборовите "и од областа на финансиското работење", бидјеќи веќе на едно место како терминологија се употребува зборот "од областа на финансиско работење", а и точно во рамки на Кривичниот закон согласно членот 66 точно се прецизира кои луѓе не можат да бидат членови на управниот одбор или акционери на банката.

Само сега прецизира ништо друго не се прави.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидјеќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. Вкупно гласале 60....

Меѓувреме влегоа уште двајца пратеници. Незнам како ќе гласаат овие двајца пратеници.

Ве молам да го повториме уште еднаш гласањето.

Ве молам да гласаме.

Молам, службите да ги пребројат присутните пратенииц во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Молам, пратениците кои се надвор да влезат во салата.

Бидејќи недостасуваат уште двајца пратеници за да можеме да гласаме давам пауза до 16,30 часот. (Пауза до 15,15 часот.)

Поради немање кворум по паузата седницата на Собранието не продолжи со работа.